# ЗАШТИТА-Б3

*Средство за нега на свежо вграден бетон изработен на акрилатна основа*

## Област на примена:

Се применува за заштита од брзо испарување на водата од свежите бетонски или малтерски површини. Најчесто се применува при изведба на бетонски работи при високи температури, и при изведба на бетонски конструкции со големи површини како аеродромски писти, патишта, фундаменти и плочи, брани и сл.

## Својства:

- обезбедува контролирана цементна хидратација;
- контролирано испарување на водата на свежо вградениот бетон или малтер;
- подобар квалитет на бетонската површина;
- се смалува опасноста од појава на површински пукнатини;
- брза апликација со распрскување;
- отпорен на атмосферски влијанија;
- целосно се апсорбира во подлогата;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Изглед: | Бела течност |
| Волуменска маса: | 0,96 - 1,05 gr/cm$^3$ |
| pH вредност: | 7-9 |
| Температурна стабилност: | 5°C-30°C |

## Подготовка на подлогата:

На површината на бетонот да нема испливана вода. Подлогата не смее да биде целосно сува.

## Вградување:

Со распрскување на свежиот бетон или малтер. Распрскувачот треба да биде до 45 см од површината на бетонот и да се движи рамномерно за да обезбеди целосно рамномерно покривање. Притисокот од пумпата треба да биде рамномерен . По нанесувањето нема потреба од дополнително прскање со вода или друг материјал за заштита. Бетонската површина не треба да се оптоварува сî до моментот додека не ја постигне потребната јачина да ги носи површинските товари. Ако се нанесува на површини на тукушто зацврснат бетон веднаш по демонтажа на оплатата, бетонските површини претходно да се испрскаат со вода до заситување, а потоа да се нанесе материјалот. Слојот од Заштита-Б3 целосно се апсорбира во бетонската површина, и дава дополнителна јакост и стабилност.

## Потрошувачка:

Во зависност од подлогата 250-300 gr/m$^2$

## Чистење:

Пумпата, алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## Пакување:

| | |
|---|---|
| Пластични буриња | 20 kg. |
| контејнер | 1000 kg. |

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа. Во суви простории, на температура од минимум 5°C до 30°C, заштитен од директно изложување на сонце. Рок на употреба: 12 месеци.

ГРАДЕЖНИ ПРОИЗВОДИ

<u>Опасност по здравјето:</u> Заштита-Б3 не содржи токсични материи, и покрај тоа потребно е да се внимава да не дојде во контакт со кожата, очите или да се проголта. Во случај на прскање на кожата или во очите, потребно е плакнење со чиста проточна вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. При работа потребно е да се користи заштитна опрема: очила и ракавици.
<u>Пожар:</u> Заштита-Б3 е незапалива течност.
<u>Чистење и депонирање:</u> Чистењето на остатоци од Заштита-Б3 е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.

ADING
Новоселски пат (ул. 1409) бр. 11, 1060 Скопје, Р.Македонија, ading@ading.com.mk,
Тел: + 389 / 02 2034 840, 2034 822, Факс: + 389 / 02 2034 821
www.ading.com.mk